16.08.2016

02 1152/1 - -

До

**Научниот совет на Економски институт-Скопје**

**Предмет:**

Извештај за работата на Комисијата за самоевалуација на Економскиот институт-Скопје за академската 2015-2016 година

**Образложение:**

Во согласност со член 77 став 4 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ број 35/08, бр. 103/08, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013), Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ) и Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на единиците на Универзитетот усвоено на 9-тата седница на Универзитетскиот Сенат од 30.04.2014 година, Економскиот институт-Скопје, на 97-мата седница на Научниот совет на Институтот, одржана на 16.09.2013, со одлука бр. 02-1695/3 од 16.09.2013 година формира Комисијата за самоевалуација.

Имајќи предвид дека мандатот на членовите во Комисијата за самоевалуација од редот на студентите е за време од две години и дека истиот истече, Научниот совет на Економски институт на својата 123-та седница одржана на 25.11.2015 година, донесе одлука бр. 02-1847/3 од 26.11.2015, со која наместо студентите Бјанка Капушевска и Зоран Самарџиев, за членови во Комисијата за самоевалуација од редот на студентите се определуваат Ева Нединкоска и Калина Велковска.

Во рамки на своите надлежности, Комисијата за самоевалуација ги спроведе сите неопходни годишни активности. Имајќи предвид дека во постапката за самоевалуација се зема предвид и оценката од страна на студентите која се добива на крајот на секоја академска година, Комисијата за самоевалуација на Економскиот институт-Скопје спроведе анкета на студентите, за секој наставник и за сите предмети за академската 2015-2016 година. Анкетните прашалници се обработени а резултатите

за индивидуалните оценки се доставени до секој наставник лично. Исто така, по еден примерок од индивидуалните оценки за одделните предмети е доставен до Соработникот за работни односи, за во личното досие на вработените.

Прилог: Анкетни прашалници и обработени резултати

**5.8.2016 година**

**КОМИСИЈА ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА:**

д-р Татјана Петковска-Мирчевска, претседател

____________________________

д-р Наташа Данилоска, член

____________________________

д-р Неда Петроска Ангеловска, член

____________________________

д-р Климентина Попоска, член

____________________________

д-р Диана Бошковска, член

____________________________

Ева Нединкоска, член

____________________________

Калина Велковска, член

____________________________